РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 51 и член 52 од Законот за административни службеници („Сл.весник на РМ„ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и „Сл.весник на РСМ бр..275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022), Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто како и начинот на нивното бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас („Сл.весник на РМ„ бр. 11/2015 и 38/18), а во врска со објавениот Интерен оглас број 3/2023 за унапредување на административни службеници, Секретарот на општина Гази Баба ја донесе следната:

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Бр. 04-7898/14
30.10 2023 год.
СКОПЈЕ

# ОДЛУКА

за извршен избор на (1) извршител – кандидат за административен службеник на работното место Виш соработник за комунални работи во Одделение за комунални работи, Сектор за градежништво, комунални работи и сообраќај.

1. За извршител на работното место Виш соработник за комунални работи во Одделение за комунални работи, Сектор за градежништво, комунални работи и сообраќај,се избира кандидатот

- Панче Донев -

2. Именуваниот/ата ќе биде вработен/а на горенаведеното работно место по конечноста на оваа Одлука.

3. Оваа одлука стапува на сила со денот на донесување.

## *ОБРАЗЛОЖЕНИЕ*

Комисијата за селекција и унапредување на административен службеник формирана од страна на Градоначалникот на Општина Гази Баба со Решение бр. 04-7898/10 од 26.10.2023 година спроведе постапка за унапредување на административни службеници по објавениот Интерен оглас бр.3/2023 на веб страната на Општина Гази Баба и веб страната на Агенцијата за администрација согласно член 51 од Законот за административни службеници („Сл.весник на РМ„ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и „Сл.весник на РСМ бр..275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022) и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто како и начинот на нивното бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас („Сл.весник на РМ„ бр. 11/2015 и 38/18).

Врз основа на изготвениот Записник за административна селекција за интерен оглас со број 04-7898/11 од 30.10.2023 година и Записникот од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради споведување на

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел. +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

интервју со број 04-7898/12 од 30.10.2023 година со Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог – одлука за избор на прво рангираниот кандидат Секретарот на Општина Гази Баба изврши избор како во Диспозитивот на оваа Одлука.

По конечноста на оваа Одлука, Градоначалникот на Општина Гази Баба ќе донесе Решение за вработување на избраниот кандидат.

Правна поука: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Бр. 04-7898/14
30.10.2023 год.
СКОПЈЕ

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Секретар

Невенка Стаменковска Стојковски

Изработил
Ани Бојаџи
Согласен
Раководител на сектор,
Влатко Лакордов